26407

11965

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 16 мај 1980 год. ● стр. 10

# СВЕТОТ НИЗ ДЕТСКИТЕ ОЧИ

Непосредноста, спонтаноста и искреноста со кои децата на ликовен начин го изразуваат животот и светот околу себе, со децении ги вдахновуваат и најголемите модерни ликовни уметници. Ликовните творби на децата на тој начин добиваат една нова димензија и признание во целокупното визуелно творештво на еден народ, република, држава. Цртежите „испишани" со невештата, но затоа најинвентивна детска рака сè повеќе престануваат да бидат затворени зад вратите на училишните установи и стануваат дел од општата ликовна ризница, влегуваат во просториите на „сериозните" музејски и ликовни галерии.

Во Македонија на ликовното воспитување на најмладите генерации со години му се посветува големо внимание и редовно се организираат изложби на најуспешните детски ликовни творби. Годинава оваа значајна дејност доби нов импулс со организирањето на изложбата на детски ликовни творби од СР Македонија под наслов „Јас и светот", што ќе биде отворена на 28 мај во Музејот на современата уметност во Скопје. Покрај Музејот, акцијата заеднички ја покренаа Заводот за унапредување и проучување на школството на СР Македонија, Сојузот на организациите за социјалистичко воспитување и грижа на децата на Македонија и Центарот за детски ликовни творби. Нивната иницијатива наиде на огромен одзив, па така на адреса на Музејот пристигнаа околу 1.600 дела од околу 60 училишта од целата Република.